# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**

**Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ**

**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**


# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **о к т о м в р и, 2024**




**Скопје, 14.11.2024**

Во текот на месец октомври 2024 година, до ИЈЗ, пристигнати се вкупно **864** пријави за заболени лица од акутни заразни заболувања *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* во Република Северна Македонија, со вкупна инциденца од **47,0 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец октомври е за 8,5% поголем во однос на претходниот месец септември 2024 година (n=796). Во однос на месец октомври 2023 година (n=1.001) се регистрира намалување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 13,7%, додека во однос на аритметичката средина за десетгодишниот период (n=1.790), се регистрира намалување од 51,7%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2024 година, регистрираните случаи во месец октомври учествуваат со 7,3%. Кумулативниот број на пријавените во 2024 (n=11.780) е за 12,3% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2023 година (n=10.494).

***Графикон 1*. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2024 и аритметичка средина**




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ во октомври е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=427; 49,4%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=6; 0,7%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ во октомври е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Штип (I=82,4/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Тетово (5,6/100.000). *(Графикон 2)*

***Графикон 2*: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во октомври, 2024 година**




Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Крушево(I=345,9/100.000), Кратово (I=225,3/100.000) и Свети Николе (I=187,7/100.000). Во месец октомври, шест ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Демир Хисар, Виница, Делчево, Пехчево, Дебар и Пробиштип) *(Табела 1 во Прилог, Картограм)*.

***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во октомври учествуваат со 98,4% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 46,3/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1*: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во октомври, 2024 година**

| Заболување | Број | I/ 100.000 |
|---|---|---|
| Ентероколитиси | 390 | 21,2 |
| Овчи сипаници | 304 | 16,6 |
| Шуга | 41 | 2,2 |
| Голема кашлица | 33 | 1,8 |
| Салмонелози | 31 | 1,7 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 16 | 0,9 |
| Инфективна мононуклеоза | 16 | 0,9 |
| Вирусен хепатитис Б | 7 | 0,4 |
| Скарлатина | 7 | 0,4 |
| Вирусен енцефалитис | 5 | 0,3 |
| **Вкупно** | **850** | **46,3** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (ентероколити и овчи сипаници), учествуваат со 80,3% во вкупниот број на заболени, а со 81,6% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец октомври 2024 година.

Во октомври, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 390 пријавени лица. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 45,1%, а во групата на 10 најчести заразни заболувања - со 45,9%.

Во однос на претходниот месец септември 2024 година (n=436) и во однос на аритметичката средина за последниот десетгодишен период (n=1.060), се регистрира намалување на бројот на пријавени од ентероколити за 10,6% односно 63,2%, соодветно. Во однос на месец октомври 2023 година (n=359) се бележи зголемување за 8,6%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2024 (n=3.469), пријавените случаи во октомври учествуваат со 11,2%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2024 (n=11.780), ентероколитите учествуваат со 29,4%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2024 (n=3.469) е за 23,3% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2023 (n=2.814).

На второ место по број на пријавени заболени во месец октомври се **овчите сипаници**, со 304 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 35,2%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања - со 35,8%.

Во однос на претходниот месец септември 2024 година (n=172), се регистрира зголемување за 76,7%. Во однос на месец октомври 2023 година (n=489) се регистрира намалување од 37,8%, како и во однос на аритметичката средина за десетгодишниот период (n=486) каде се регистрира намалување од 37,4%.

Во вкупниот број на пријавени овчи сипаници во 2024 (n=5.826), бројот на заболените во октомври учествува со 5,2%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2024 (n=11.780), учеството на овчите сипаници е 49,5%.

Кумулативниот број на пријавени овчи сипаници во 2024 (n=5.826) е намален за 10,1% во однос на кумулативата за истиот период во 2023 (n=6.483).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во октомври, најголем број (n=438) припаѓаат на **цревни заболувања** (50,7%; I=23,8/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=390; 89,0%) и инциденца (I=21,2/100.000), се пријавите за ентероколити. Пријавени се и 31 случај на салмонелози (I=1,7/100.000), 16 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и еден случај на инфекција предизвикана од E. Colli.

Во месец октомври, пријавени се 363 случаи (42,0% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 19,8/100.000. Од нив, најголем број, (n=304; 83,7%) и инциденца (I=16,6/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени и 33 случаи на голема кашлица, 16 случаи на инфективна мононуклеоза, 7 случаи на скарлатина, два случаи на заразни заушки и еден случај на легионерска болест.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 11 заболени лица (1,3%; I=0,6/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 7 случаи на вирусен хепатитис Б, три случаи на сифилис и едена инфекција со Хламидија. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во октомври, не е регистриран случај.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во октомври се регистрирани 52 случаи (6,0%; I=2,8/100.000) (*Графикон 3*). Од нив, најголем дел се шуга (n=41; 78,8%), пет се случаи на вирусен енцефалитис, три случаи на вирусен менингитис и два случаи на бактериски менингитис. Во текот на октомври пристигната е една пријава на вирусна хеморагична треска – денга. Станува збор за импортиран случај на денга, кој привремено престојувал во Египет. Пациентот е болнички лекуван на КИБФС, а болеста е лабораториски потврдена во Вирусолошката лабораторија при ИЈЗ.

***Графикон 3: Структура на заболени по групи на заболувања во октомври, 2024 година***




## *СОСТОЈБА СО ХИВ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во текот на месец октомври, пријавени се три случаи потврдени на ХИВ и еден на СИДА, сите од машки пол, кои припаѓаат на возрасната група од 45-49 години. (*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.10.2024), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2024, изнесува 684, а од нив, согласно податоците со кои располага ИЈЗ:

- 131 лице починале,
- 549 лица живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец септември 2024 се регистрирани 42 случаи со инциденца од 2,3/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистрирани се 7 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста, не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Во текот на октомври, регистрирани се два случаи на заразни заушки. Првиот случај е дете на возраст од 12 години од Охрид, редовно вакцинирано согласно Календар за имунизација, а дијагнозата е поставена клинички. Вториот случај е 6-годишно дете вакцинирано со една доза МРП вакцина, од Скопје, а дијагнозата е лабораториски потврдена.

Во вкупниот број на пријавените случаи на вакцино-превентабилни болести, **78,6% се случаи на голема кашлица (n=33)**, како резултат на тековната епидемија на територијата на град Скопје, Куманово и Тетово.
Во текот на месец октомври, регистрирани се случаи на територија на 5 ЦЈЗ/ПЕ низ државата.
Подетални неделни информации, за состојбата со голема кашлица во државата, се достапни на веб страната на ИЈЗ - https://www.iph.mk/.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. Северна Македонија во текот на месец октомври, пријавени се вкупно 56 случаи на КОВИД-19 (I=3,0/100.000).

Во однос на претходниот месец септември 2024 (n=288), се регистрира намалување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 80,6%, како и во однос на месец октомври 2023 (n=535) каде намалувањето изнесува 89,5%.

Од заболените во октомври 2024, најголем број (n=41) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (18,1/100.000) се регистрира во Охрид.

Во текот на месецот регистрирано е едно починато лице асоцирано со КОВИД-19, од возрасната група над 60 години.

Најголем број на заболени (n=31; 55,4%) се регистрирани од возрасната група над 60 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец октомври, се тестирани вкупно 1.026 материјали за 29,8% помалку во однос на минатиот месец (n=1.462).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.10.2024, пријавени се вкупно 352.048 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.167,2/100.000) и 10.004 смртни случаи (Mt= 544,7/100.000; CFR=2,8%).

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец октомври, до Институтот за јавно здравје **пристигна една пријава за *алиментарна епидемија од ЦЈЗ Штип***.

На 08.10.2024, ЦЈЗ Штип пријави епидемија на алиментарна токсоинфекција. Епидемијата е пријавена со 6 заболени лица, сите од исто семејство, кои консумирале подготвени слатки производи набавени од иста продавница. Епидемиолошката служба при ЦЈЗ Штип во соработка со АХВ и ДСЗИ изврши санитарно-хигиенски и епидемиолошки увид во објектот во кој била продавана сомнителната храна. Земени се материјали за микробиолошка анализа: од мостри храна (затекната на денот на увидот), брисеви од работни површини и брисеви од раце, нос и грло на вработените. Кај две од заболените лица е докажана Salmonella enteritidis во фецес.

Од страна ЦЈЗ Штип предложени се соодветни санитарно-хигиенски и против епидемиски мерки.

Објектот беше затворен сé до добивање на негативни резултати од земените материјали. Епидемијата е одјавена на 25.10.2024.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец октомври, **не е регистриран смртен случај од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

## ГРИП

Согласно извештајот на ERVISS за состојбата со респираторните вирусни инфекции во Европскиот регион на СЗО, зклучно со недела 44/2024, стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се зголемени над основното ниво, во 3 од 31 земја. Позитивноста на SARS-CoV-2 на регионално ниво продолжува полека да опаѓа, но има варијации помеѓу земјите и регионите.

Најголем број од случаите, и понатаму припаѓаат на постарите возрасни групи. Активноста на грипот и RSV остануваат ниски, но благо се зголемуваат во последните неколку недели.

Во текот на октомври, во Република Северна Македонија на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, пријавени се вкупно 195 заболени лица (I=10,6/100.000). Од нив, најголем број на заболени е регистриран во ЦЈЗ Куманово (n=65), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Гостивар (I=69,7/100.000).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ од почетокот на сезоната 2024/2025 пристигнати се 84 хумани материјали од здравствените установи, од кои сите со негативен резултат на грип.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на месец октомври, 2024 година во ИЈЗ се пристигнати 970 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на десетте ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=711; 73,3%) и ЦЈЗ Куманово (n=89; 9,2%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец септември се: *MRSA (n=199; 20,5%) и HPV (n=158; 16,3%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, регистрирана е резистенција за *MRSA, Salmonella enteritidis, Acinetobacter baumanii, Escherichia coli, ESBL, Klebsiella pneumoniae,ESBL, Enterococcus faecalis VRE, Proteus mirabilis, ESBL, Pseudomonas aeruginosa, Clostridium difficile.*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Велес и ЦЈЗ Прилеп.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец октомври, пристигнати се 7 пријави за заразни заболувања кај странски државјани кои престојувале во Република Северна Македонија.

Регистрирани се 4 случаи на Rota вирусни инфекции, и по еден случај на салмонелоза, Noro virus enteritis и инфекција со Clostridium difficile.

Во текот на 2024 година, регистрирани се 85 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. И тоа, 36 пријава на ентероколитис, 18 пријави за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 11 пријави за салмонелози, 9 пријави за голема кашлица, по 3 пријави за шуга и овчи сипаници, две пријави за инфективна мононуклеоза и по една пријава за шигелоза, вирусен хепатитис Б и инфекција со Clostridium difficile.

Според земјата од која доаѓаат, 18 лица се од Косово, 12 од Германија, по 9 од Турција и Швајцарија, 7 од Австрија, по 6 од Белгија и Србија, по 3 од Словенија и Италија, 2 од Холандија и по еден од САД, Шведска, Хрватска, Норвешка, Франција, Унгарија, Кипар, Романија, БиХ и Црна Гора.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***